МАКЕДОНИЈА

ЗНМ: ОЈО и Судскиот совет итно да утврдат одговорност за неизвршена одлука за заштита на новинарка

Објавено пред 2 месеци - 7 август, 2026
Од **Е. Т. / Макфакс**

Уставниот суд утврди дека Основниот граѓански суд Скопје не ја извршил одлуката со која на новинарката Наташа Стојановска и беше утврдена повреда на слободата на јавно изразување во врска со настаните во Собранието од 27 април 2017 година. Стојановска претходно, преку правниот застапник на ЗНМ, побара судска заштита поради тоа што државата не обезбедила соодветна заштита додека известувала од Собранието, но Основниот граѓански суд и Апелациониот суд не утврдиле повреда на нејзината слобода на изразување, по што случајот стигна пред Уставниот суд. Ова е важна практика за ефективна заштита на слободата на изразување и јавно информирање, гарантирани со член 16 од Уставот.

„Одговорноста сега е кај Основното јавно обвинителство и Судскиот совет. Очекуваме двете институции без одлагање да постапат по известувањето на Уставниот суд, да утврдат одговорност и, доколку се исполнети законските услови, да следуваат соодветни санкции за судијата кој не ја извршил конечната и задолжителна одлука на Уставниот суд.

Независноста на судството подразбира и одговорност и почитување на одлуките на Уставниот суд. Кога станува збор за одлука со која е утврдена повреда на уставно загарантирано право на новинар, нејзиното неизвршување не смее да остане без соодветна институционална реакција.

Внимателно ќе го следиме постапувањето на ОЈО и Судскиот совет, како и исходот од постапките што ќе следуваат, и за тоа ќе ја информираме јавноста.

Случајот на Наташа Стојановска е еден од случаите поврзани со настаните во Собранието од 27 април 2017 година, кога новинари и медиумски работници беа изложени на насилство, закани и попречување во извршувањето на нивната професионална задача, а на граѓаните им беше попречено правото на јавно информирање.

Следната година ќе се навршат десет години од настаните на 27 април 2017 година, а дел од новинарите чии права беа повредени тој ден се уште немаат конечна и ефективна правна разрешница на своите случаи. Неприфатливо е речиси една деценија подоцна новинарите и натаму да чекаат целосна институционална заштита и правда.

ЗНМ нема да се откаже од овие случаи. Продолжуваме да обезбедуваме бесплатна правна помош и адвокатско застапување за новинарите чии права биле повредени, со цел правдата најпрво да се бара пред домашните институции и судови.

Доколку домашниот правен систем не обезбеди соодветна и ефективна заштита, ќе продолжиме да ги користиме расположливите правни механизми и пред Европскиот суд за човекови права.

Повредите на правата на новинарите за време на настаните од 27 април 2017 година не смеат да останат без правна разрешница.

Поминувањето на времето не смее да доведе до неказнивост, ниту да ја намали обврската на институциите да обезбедат ефективна заштита на новинарите и слободата на изразување“, порача ЗНМ преку соопштение.

Post

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ: #ЗНМ #ОЈО #СУДСКИ СОВЕТ #УСТАВНИОТ СУД

ПРЕТХОДНО
Гаши – Хрицова: Потврдена традиционално блиската соработка меѓу Северна Македонија и Словачка

СЛЕДНО
Седум нови случаи на Западен Нил во Скопје за една недела, тројца пациенти во критична состојба

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...

МАК
Опш
годи
дер

СВЕТ
(Ви
меѓ
пре
во С

КУЛТ
Нин
од Д
на С
во К

МАК
(Ви
да к
не с
ска
Пет
евр

МАК
По
реа
одл
БСК

СПОР
Мањ
вра

ЗАБА
Најд
крв
мед


ЗАБА
(Фо
воо
шир
низ

СПОР
(Ви
ита
гол

Бомба, два пиштоли и 240 куршуми кај скопјанец, најден и клуч од мотор поврзан

Поднесено обвинение против вработена во МВР и уште петмина за допишување

Дошле со камион и гореле кабли на депонијата во Охрид за да извадат бакар,

Copyright © 2026 - Member of IAB Macedonia
Member of Clip Media Group